**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Дополнителни услови за осигурување на возачи, патници и работници при управување и возење со моторни и други возила од последици на несреќен случај

УС-нвд-НМВ
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за осигурување на возачи, патници и вработени лица при управување и возење со моторни и други возила од последици на несреќен случај.

## член 2: осигурени лица

[1] Лицата наведени во член 1 од овие Дополнителни услови се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба и општа работоспособност и старост, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

## член 3: осигурени опасности (ризици)

[1] Во осигурувањето се вклучени несреќните случаи кои настануваат при управување и возење со моторни и други возила, и тоа:

1) ако осигурувањето е склучено за возачот и негов придружник, при управување и возење со моторно возило, при утовар и истовар на стока од товарно возило или приколка, при манипулација со возило кое е директно поврзано со сообраќај;
2) ако осигурувањето е склучено за сопатниците и водачот на пат при возење, при утовар и истовар на стока од моторно возило или приколка, при манипулација со возило кое е директно поврзано со сообраќај;
3) ако осигурувањето е склучено за работници - за време на возењето, при утовар и истовар на стока од моторно возило или приколка, при манипулација со возило кое е директно поврзано со сообраќај;
4) ако осигурувањето е склучено за работници на приклучни машини - при работа на приклучни машини каде што моторното возило покриено со осигурување според овие Дополнителни услови, им дава погонска сила.

[2] Во осигурувањето не се вклучени несреќните случаи кои настануваат:

1) при автомобилски, мотоциклистички брзински трки, мотокрос, рели и картинг, како и при тренинзите за нив;
2) поради причините наведени во член 10 од Општите услови;
3) при управување и возење без знаење, односно одобрување од сопственикот на моторното возило (недозволена употреба).

## член 4: начин на склучување на осигурувањето

[1] Ова осигурување може да се склучи со или без поименично наведување на осигурениците.

## член 5: осигурување со поименично наведување на осигурениците

[1] Ако осигурувањето е договорено со наведување на имињa на осигурениците, осигурени се само оние лица кои се наоѓаат на полисата, односно во списокот приложен со полисата и се поименично наведени.

[2] За новопријавените членови, осигурителното покритие започнува во 24:00 часот оној ден кој е наведен како почеток на осигурување во писмената пријава поднесена на осигурувачот, но не пред 24:00 часот оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата. За одјавените осигуреници, осигурителното покритие престанува во 24:00 часот оној ден кој е наведен во одјавата како крај на осигурувањето.

[3] Осигурителното покритие важи само за несреќни случаи со видот на моторното возило кој е наведен во полисата.

## член 6: осигурување без поименично наведување на осигурениците

[1] Ако е договорено осигурување без наведување на имињa на осигурениците, во осигурувањето се вклучени само оние несреќни случаи кои настануваат со моторно или друго возило кое е точно наведено и опишано во полисата. Осигурени се лицата од онаа дејност која е наведена во полисата.

[2] Ако при несреќниот случај - не сметајќи го возачот на моторното возило - бројот на лица опфатени со осигурување е поголем од бројот наведен во полисата, сумите на осигурување се намалуваат во однос помеѓу бројот на лица наведени во полисата и бројот на лица кои се опфатени со осигурување во моментот на несреќниот случај.

[3] За возач на моторно возило, според овие Дополнителни услови, се смета лице кое управува со возилото во моментот на настанување на несреќниот случај.

[4] При отуѓување на возилото, осигурувањето престанува во 24:00 часот оној ден на кој возилото било предадено на новиот сопственик. Истовремено престанува и осигурителното покритие. Осигуреникот има право на неискористен дел од премијата, ако во таа осигурителна година не се случил осигурен случај.

## член 7: плаќање на премија

[1] Договарачот е должен да ја плати договорената премија на осигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за цело времетраење на осигурувањето, во рокот договорен во полисата.

## член 8: примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## член 9: важност на условите

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.